ПРЕДЛАГАЧ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОН:

Здружение за заштита на човековите права ОД НАС ЗА НАС

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Верзија v2 од 20~~13~~.8.2021 година

Скопје, август 2021 година

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за основното образование (во натамошниот текст: ЗОО) се уредува воспитно-образовниот процес кој се остварува во основните училишта, како и дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем.

Правото на образование и правото на родителите самостојно да одлучуваат за воспитанието и образованието на децата се дел од правниот поредок на Република С. Македонија и се загарантирани со Уставот на Република С. Македонија.

- Согласно член 9 од Уставот на Република С. Македонија: „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“. Согласно член 16: „Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата“. Согласно член 118: „Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон“.

- Согласно член 26 став (3) од Универзалната декларација за човекови права: „Родителите имаат првенствено право да го изберат видот на образованието што ќе им биде дадено на нивните деца“.

- Согласно член 18 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права:

  „1. Секој има право на слобода на мислата, совеста и религијата (...)

  (...)

  4. Државите договорнички на овој Пакт се обврзуваат на почитување на слободата на родителите и во случај на потреба на законските старатели да обезбедат верско и морално образование на своите деца согласност со своите сопствени убедувања“.

- Согласно член 14 од Конвенција на ООН за правата на детето:

  „1. Земјите-членки го почитуваат правото на детето на слобода на мислата, совеста и религијата.

  2. Земјите-членки ги почитуваат правата и должностите на родителите и, каде што е применливо, законските старатели, да го водат детето во остварувањето на неговите/нејзините права на начин согласно развојот на неговите/нејзините способности.

  3. Слободата на изразување на религијата или верувањето може да подлежи само на такви ограничувања што се пропишани со закон и кои се неопходни за заштита на јавната безбедност, редот, здравјето или моралот или основните права и слободи на другите“.

- Согласно член 13 став (3) од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права:

„Државите членки на овој пакт се обврзуваат да ја почитуваат слободата на родителите и, кога е соодветно, законските старатели да (...) обезбедат религиозно и морално воспитување на нивните деца согласно нивните сопствени убедувања“.

Соодветно на тоа, Уставот и меѓународните документи им гарантираат на родителите право и слобода самостојно да одлучуваат за воспитувањето и образованието на своите деца согласно нивните морални и верски уверувања.

Значењето на поимот „уверување“ е објаснето од Европскиот суд за човекови права во контекст на членот 2 од Протоколот бр. 11 од Конвенцијата, кој гласи:

„На никој нема да му биде ускратено правото на образование. При извршувањето на своите функции поврзани со воспитанието и наставата, државата ќе го почитува правото на родителите да обезбедат воспитување и учење согласно нивните религиозни и философски уверувања“.

Во Кембел и Косанс против Обединетото Кралство (пресуда од 25 февруари 1982 година, апликации бр. 7511/76 и 7743/76), Европскиот суд го објасни значењето на фразата „религиозни и философски уверувања“ на родителите во втората реченица на член 2 од Протоколот бр. 11 кон Конвенцијата, со што се утврдуваат стандардите кои се применуваат на членот 9 од Конвенцијата, кој гласи како што следува:

> „СЛОБОДА НА МИСЛАТА, совеста и религијата
>
> 1. Секој има право на слобода на мислата, совеста и религијата; ова право вклучува слобода за промена на неговата религија или верување и слобода, самостојно или во заедница со други и јавно или приватно, да ја манифестира својата религија или верување во обожување, поучување, практикување и почитување.
>
> 2. Слободата за манифестирање на нечија религија или убедувања е предмет на само-ограничувања пропишани со закон и неопходни во демократско општество заради јавниот ред, заштитата на јавниот ред, здравјето или моралот или правата и слободите на другите“.

Тргнувајќи од фактот дека значењето на зборот „верување“ (уверување) е сличен на концептот на „вера“ (верување) и тоа значи разбирање (гледиште) кое достигнува одредено ниво на доверливост, сериозност, кохезија и важност, Европскиот суд во споменатата пресуда го изрази ставот дека, за да има повреда на членот 9 од Конвенцијата, „верувањето“ за кое станува збор мора да достигне одредено ниво на убедливост, сериозност, кохезија и важност и да се однесува на значајни и важни аспекти на животот и однесувањето на човекот кои се од особено значење за идентитетот на поединецот.

Според тоа, постојат позитивни обврски на државата во областа на системот на јавното образование во смисла на член 44 од Уставот и член 2 од Протоколот бр. 11 кон Конвенцијата. Од одговорноста на родителите да се грижат за воспитувањето и образованието на детето произлегува обврската на државата да ги земе предвид различните уверувања на родителите и нивното уставно право и слобода самостојно да одлучуваат за воспитувањето и образованието на нивните сопствени деца. Во единствен модел на задолжително јавно образование, државата може да ја спроведе оваа загарантирана обврска само со вклучување на родителите во процесот на дизајнирање на задолжителните наставни содржини.

Законот за основното образование не содржи механизми со кои ќе превенира кршење на горецитираните човекови права и исто така, не обезбедува активна вклученост на родителите во образованието на своите деца.

Имајќи предвид дека јавното основно образование е задолжително како единствен модел согласно Уставот, и родителите немаат можност за избор на видот на образованието што ќе им го дадат на нивните деца, неопходно е да се обезбеди задолжителните елементи на воспитно-образовниот процес, односно содржината и начинот на спроведување на наставната програма, да

бидат дизајнирани неутрално со активно и ефективно учество на родителите, што е согласно демократските принципи кои и државата е должна да ги почитува и спроведува, а кои се заштитени со Уставот, законите и меѓународните акти.

Со Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование се предлага изменување и дополнување на постојните одредби кое има за цел да гарантираат дека воспитно-образовниот процес ќе биде организиран на начин согласно кој ќе се почитуваат горецитираните човекови права.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование е да осигура дека:

1. државата ќе ги земе предвид различните уверувања на родителите и нивното загарантирано право и слобода самостојно да одлучуваат за воспитувањето и образованието на своите деца, кое може да го спроведе само со вклучување на родителите во процесот на дизајнирање на задолжителните наставни содржини.
2. воспитно-образовниот процес да биде организиран на начин кој ги почитува човековите права на родителите и децата загарантирани со Уставот и меѓународните документи, да обезбедат верско и морално образование на нивните деца согласно нивните сопствени уверувања,

притоа запазувајќи го начелото за:

3. неповредливост на домот и
4. начелото за еднакви можности на сите родители без разлика на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование.

Заради остварување на овие цели се предлага изменување на: член 8, член 9, член 30, член 48, ~~и~~ член 127 и член 168 од Законот на основно образование, додавање на еден нов член 8а во истиот, како и преодни одредби кои имаат за цел да обезбедат усогласување на постојниот воспитно образовен процес со измените и дополнувањата од овој закон.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република С. Македонија како и за одделни субјекти.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за основното образование („Службен весник на Република С. Македонија“ број 161/19 и 229/20), во членот 8 се брише ставот (2).

Член 2

После членот 8, се додава нов член 8а – Права и обврски на родителите кој гласи:

„(1) Родителот, односно старателот на ученикот е должен да му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание и да се грижи за редовно посетување на задолжителниот дел од воспитно-образовниот процес пропишан со овој закон, како и за другите форми на воспитно-образовна работа во кои е вклучен.

(2) Родителот, односно старателот на ученикот има право и обврска да учествува во неговото образование и редовно да се информира за неговите активности и достигнувања.

(3) Родителот, односно старателот на ученикот има право и обврска да се запознае со сите содржини вклучени во наставната програма во писмена форма, објавена на веб-страницата на училиштето: задолжителни и изборни предмети, воннаставни активности, експериментални програми и слично и по сопствена волја да избере дали ќе даде писмена согласност за учество на ученикот во сите горенаведени содржини, освен во задолжителните предмети.

(4) Родителот, односно старателот на ученикот има право да присуствува при спроведување на лекарски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведување систематски лекарски прегледи и вакцинации согласно со закон.

(5) Родителот, односно старателот на ученикот има право и обврска да учествува во анкетите кои ги спроведува Советот на родители согласно член 127 од овој закон.“.

Член 3

Членот 9 се менува и гласи:

„(1) Во основното училиште се забранува партиско, верско и идеолошко организирање и дејствување, како и истакнување на партиски, верски и идеолошки обележја.

(2) Во основното образование се забранува секоја форма на промоција и продажба на производи или услуги кои не се согласно целите на образованието и кои може да се во конфликт со уверувањата на учениците стекнати со воспитанието од нивните родители.

(3) За промоции и продажба на производи или услуги кои излегуваат од опсегот на задолжителните предмети од наставната програма, треба да се достави писмено известување до родителите.“.

Член 4

(1) Во член 30, после ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Пред да ја утврди Концепцијата за основно образование од ставот (1) на овој член, Министерот:

1) предлогот за Концепцијата ќе го објави на веб страницата на Министерството за образование и наука и преку јавните сервиси ќе ги повика граѓаните да достават забелешки, предлози, сугестии во рок од 30 дена од датумот на објавување на предлогот.
2) во врска со доставените забелешки, предлози, сугестии од точка 1), ќе организира најмалку една јавна расправа на која право на учество имаат сите граѓани кои доставиле забелешки, предлози и/или сугестии согласно точка 1) од овој став, а со цел Министерот да ја промовира оправданоста на новата Концепција за основно образование, да одговори на прашања поврзани со Концепцијата и да слушне подетално образложение за ставовите на јавноста.
3) најмалку една недела пред датумот за јавна(и) расправа(и) од точка 2) од овој став, јавно преку електронските и пишани медиуми, ги известува граѓаните за јавната расправа. Граѓаните кои не учествуваат директно во јавната расправа, истата може да ја следат преку еден од јавните медиуми.
4) после завршувањето на јавната(ите) расправа(и), ги повикува Советите на родители да спроведат анкета согласно член 127 од овој закон и во рок од 30 дена од повикот, да ги доставаат резултатите од спроведената анкета и мислење во однос на предлогот за Концепцијата.
5) со соопштение објавено на веб страницата на Министерството за образование и наука, ја известува јавноста за резултатите од спроведените анкети од точка 4) од овој став.
6) спроведува јавна расправа во Со~~о~~бранието.
7) ги зема предвид информациите добиени во постапките од точка 2), 4) и 6) од овој став.“.

(2) Ставовите (2) (3) стануваат ставови (3) (4), соодветно.

(3) После ставот (4), што станува став (5), се додаваат три нови става (6), (7) и (8) кои гласат:

„(6) Задолжителните предмети вклучуваат содржини кои се неутрални, односно не вклучуваат теми кои може да се во конфликт со уверувањата на учениците стекнати со воспитанието од нивните родители.

(7) Пред да ја спроведе Концепцијата за основно образование од ставот (1) на овој член во воспитно-образовниот процес, Министерот:

1) предлогот за наставните содржини (учебници) за задолжителните предмети донесени на основа на наставните планови и наставните програми од ставот (1) на овој член, ќе го објави на веб страницата на Министерството за образование и наука и преку јавните сервиси ќе ги повика граѓаните да достават забелешки, предлози, сугестии во рок од 60 дена од датумот на објавување на предлогот.
2) во врска со доставените забелешки, предлози, сугестии од точка 1), ќе организира најмалку една јавна расправа на која право на учество имаат сите граѓани кои доставиле забелешки, предлози и/или сугестии согласно точка 1) од овој став, а со цел Министерот да ја запознае јавноста со наставните содржини од задолжителната наставна програма и да слушне подетално образложение за ставовите на јавноста.
3) најмалку една недела пред датумот за јавна(и) расправа(и) од точка 2) од овој став, јавно преку електронските и пишани медиуми, ги известува граѓаните за јавната расправа. Граѓаните кои не учествуваат директно во јавната расправа, истата може да ја следат преку еден од јавните медиуми.

4) после завршувањето на јавната(ите) расправа(и), ги повикува Советите на родители да спроведат анкета согласно член 127 од овој закон и во рок од 30 дена од повикот, да ги доставaт резултатите од спроведената анкета и мислење во однос на наставните содржини.
5) со соопштение објавено на веб страницата на Министерството за образование и наука, ја известува јавноста за резултатите од спроведените анкети од точка 4) од овој став.
6) ги зема предвид информациите добиени во постапките од точка 2) и 4) од овој став.

(8) Концепција за основно образование од ставот (1) на овој член може да се применува најмалку една година после објавувањето на наставните содржини од став (7) точка 1) од овој член.“.

(4) Ставовите (5), (6) (7), (8), (9) и (10) стануваат ставови (9), (10), (11), (12), (13) и (14) соодветно.

Член 5

Во членот 48 се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) Училиштето задолжително го информира родителот односно старателот на ученикот за информациите од став (4) на овој член и бара писмена согласност од родителот за пренесување на информации согласно став (4) од овој член на неговото дете.“.

Член 6

(1) Во членот 127 после ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Секоја паралелка избира и заменик на претставникот во Советот на родители кој го заменува избраниот претставник согласно член (2) во случај на негово отсуство“.

(2) Ставот (3) станува став (4).

(3) Во ставот (4), што станува став (5), после алинеја 2, се додаваат тришест нови алинеји кои гласат:

„- во случај на донесување и/или измена на концепција и/или наставни содржини, Советот на родители има право и обврска да спроведе анкета во која секој родителите ќе го изразиат своето мислење по однос на предложените измени кои се однесуваат на задолжителните предмети од наставната програма.

- анкетата од претходната точка ја формулира секој Совет на родители во зависност од темите и прашањата кои се од значење за јавноста, а произлегуваат од јавната(ите) расправа(и) согласно член 30 став (2) точка 2) и став (7) точка 2) од овој закон. Со анкетата Советот на родители има за цел да добие информација за мислењето на родителите дали содржината од задолжителните елементи од воспитно образовниот процес предложена со Концепцијата/Наставните содржини, делумно или целосно, е во конфликт со нивните уверувања, како и да ги обелодени содржините кои родителите ценат дека не се согласно нивните уверувања, доколку такви содржини постојат.

- доколку родителот, односно старателот оцени дека со анкетата не е опфатено прашање кое е предмет на негов интерес, родителот може со одговорите на анкетата да достави дополнителна информација која Советот на родители е должен да ја земе предвид при анализата на резултатите.

- Советот на родители, на основа на поединечните пополнети анкети доставени од страна на родителите, спроведува анализа на резултатите од спроведените анкети од претходната алинеја,

ги сумира резултатите ~~од анкетата~~ и заедно со целокупната документација доставува сумирано мислење во однос на измените до Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието во предвидениот рок кое содржи статистика за резултатите од спроведените анкети.

- копија од доказната документација за пополнетите поединечни анкети од страна на родителите, односно старателите како и копија од документацијата доставена до Министерството за образование и наука, Советот на родители доставува до архивата на училиштето.

- води записници од одржаните состаноци и копија од истите доставува до секој родител, односно старател“.

Член 7

(1) Во членот 168 после ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4) кои гласат:

„(3) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе ~~им~~му се изрече за прекршок на претседателот на Советот на родители доколку Советот на родители не спроведе анкета согласно член 127 став (5) алинеја 3 и/или не постапи согласно член 127 став (5) алинеја 7.

(4) ~~(4)~~ Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на родител, односно старател доколку не одговори на анкета која се спроведува согласно член 127 став (5) алинеја 3~~.~~“.

(2) Ставот (3) станува став (5).

(3) Во стават (4), кој станува став (6), зборовите „член 8“ се менуваат со зборовите „член 8а“.

Член ~~7~~8

Преодни одредби

(1) Во рок од 6 месеци од стапувањето во сила на овој закон, Министерот ќе спроведе јавна(и) расправа(и) согласно член 30 став (2) точка 2) од изменетиот и дополнет Закон за основно образование, како и постапка за собирање мислења од Советите на родители согласно член 30 став (2) точка 4) од изменетиот и дополнет Закон за основно образование, а во врска со постојната Концепција за основно образование.

(2) Доколку се утврди дека одредени содржини од задолжителната програма од постојната Концепција за основно образование не се усогласени со член 30 став (6) од изменетиот и дополнет Закон за основно образование, истите не смее да бидат спроведувани во воспитно образовниот процес и Министерот ќе донесе предлог за измени на постојната Концепција за основно образование со цел усогласувањеен со овој закон во рок од 3 месеци.

Член ~~8~~9

Влегување во сила

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република С. Македонија“.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

# НА ПРЕДЛОГ- ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## *I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ*

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование (во натамошнио~~н~~т текст: ЗОО), содржи 8 члена.

Со членот 1 (со кој се менува член 8 од ЗОО) единствено формално се брише обврската на родителите, бидејќи истата повторно е воведена во членот 2 во кој се дефинираат правата и обврските на родителите, а со цел, со еден член да бидат опфатени сите права и обврски на родителите.

Со членот 2 (со кој се додава член 8а од ЗОО) се уредуваат правата и обврските на родителите со што родителите се препознаваат како активни чинители во процесот на образование на нивните деца, добивајќи можност да го изразуваат своето мислење во формална постапка за содржините кои ги следат нивните деца во задолжителната наставна програма (во процесот на нејзино донесување) како и содржините надвор од задолжителната наставна програма (во континуитет), бидејќи имаат право на приоритет при изборот на видот на образование на своите деца. Исто така, се воведува правото на родителите да присуствуваат на здравствените прегледи кои ги организираат училиштата следејќи ги правата и обврските на родителите да се грижат за здравјето на своите малолетни деца согласно член 46 од Законот за семејство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15 и „Службен весник на Република С. Македонија“ бр. 53/21).

Со членот 3 (со кој се менува и дополнува член 9 од ЗОО), покрај партиското и верското организирање и дејствување, се забранува и идеолошкото организирање и дејствување, повторно во насока на заштита на децата и родителите, образовните установи да бидат простор каде децата може да бидат предмет на влијание на разни верски, партиски и идеолошки групи, спротивно на волјата на родителите, бидејќи таквите верски, партиски и идеолошки уверувања може да доведат до збунување и конфликт во психолошкиот развој на детето, како и контроверзии во социјалната средина на детето.

Со членот 4 (со кој се менува и дополнува член 30 од ЗОО), се уредува:

1. постапката за утврдување Концепција за основно образование и постапката за спроведување Концепција за основно образование, со цел активно вклучување на родителите во процесот на донесување нови и/или измени во задолжителните содржини од образовниот процес.
2. рамката за содржината на задолжителните предмети од наставната програма, согласно која задолжителните предмети од наставната програма нема да вклучуваат содржини кои може да го загрозат правото и слободата на родителите да го изберат образованието на своето дете согласно своите „верски и философски уверувања“, а земајќи ги предвид ограничувањата пропишани со одредбите од член 44 и член 45 од Уставот на Република С.

Македонија. Исто така, се става обврска за носителот на новата Концепција да ги земе предвид мислењата на родителите добиени преку јавните расправи и Советите на родители во врска со задолжителните предмети од наставната програма. Како што е наведено во поглавјето I од овој Предлог-закон, постојат позитивни обврски на државата во областа на системот на јавното образование во смисла на член 44 и член 45 од Уставот и член 2 од Протоколот бр. 11 кон Конвенцијата за човековите права и основните слободи. Од одговорноста на родителите да се грижат за воспитувањето и образованието на детето и нивното првенствено право да го одберат образованието на своите деца согласно своите уверувања, произлегува обврската на државата да ги земе предвид различните уверувања на родителите и нивното загарантирано право и слобода самостојно да одлучуваат за воспитувањето и образованието на нивните сопствени деца. Станува збор за верувања на родителите достојни за почит во демократското општество, да се почитуваат гарантираните слободи и заштита на нивните лични религиозни или филозофски убедувања и создавање обврска за државата и нејзините надлежни органи да им обезбедат на родителите и на нивните деца објективна и критична, плуралистичка и толерантна атмосфера, во која овие цели ќе бидат ефективно постигнати.

Со членот 5 (со кој се менува и дополнува член 48 од ЗОО), се овозможува родителот да биде активно вклучен во образовниот процес кој се спроведува во училиштата надвор од редовната настава~~во~~, конкретно грижата за сексуалното и репродуктивно здравје на неговото дете, земајќи предвид дека за овие теми науката препознава целосно спротивставени гледишта и остава простор на родителите да можат да бираат кои научни сознанија се поблиски до нивните уверувања. Државата треба да ја исполни својата уставна обврска да ја усогласи наставната содржина во државните/јавните училишта на избалансиран начин со уставното право и слободата на родителите да ги воспитуваат своите деца. Образованието треба да биде насочено кон целосен развој на човечката личност и кон зајакнување на почитувањето на човековите права и основните слободи.

Со членот 6 (со кој се дополнува член 127 од ЗОО):

1. се овозможува секоја паралелка да има свој претставник во Советот на родители, во случај на отсуство на избраниот член.
2. се обезбедува механизам преку кој родителите ќе го искажат своето мислење во однос на концепциите/наставните ~~програми~~ содржини што е единствен начин за државата да може да добие повратна информација за тоа дали предложените содржини се ~~во~~ согласно~~ст~~ или се спротивни на религиозните и филозофските уверувања на родителите“.

Со овој член треба да се обезбеди демократски организирана институционална постапка за содржината на наставните програми и концепции, во која потребно е мислењето на Советот на родители пред стапување во сила на регулативите со ваква содржина и правна сила, а согласно правото и слободата на родителите да обезбедат религиозно и морално воспитување на нивните деца согласно нивните сопствени убедувања.

Со членот 7 (со кој се дополнува член 168 од ЗОО):

1. -се уредуваат прекршочни санкции за родителите доколку не ги извршуваат обврските согласно овој закон и не земат активно учество во образованието на своето дете,
2. се уредуваат прекршочни санкции за претседателот на Советот на родители доколку не ги спроведе обврските со кои ќе го информира надлежните институции за мислењето на родителите во врска со задолжителната програма од образовниот процес и/или не ја достави соодветната документација до училиштето,

~~1.~~3. се усогласува членот со измените од член 1 и член 2 од овој предлог закон.~~.~~

Со членот ~~7~~8 се уредуваат преодни одредби кои се однесуваат на проверка на постојната Концепција за основно образование дали истата е усогласена со овој закон, како и пропишување на обврска за измена на истата во случај да не е усогласена со овој закон.

Со членот ~~8~~9 се уредува влегувањето во сила на законот.

## *II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ*

Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование содржи одредби кои се меѓусебно поврзани и сочинуваат единствена правна целина.

## *III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА*

Со предложените законски решенија ќе се овозможи воспитно-образовниот процес да биде организиран на начин согласно кој ќе бидат почитувани основните права и слободи на родителите првенствено да го одберат образованието за своите деца согласно своите уверувања, односно почитување на:

1. Уставот на Република С. Македонија;
2. Универзалната декларација за човекови права;
3. Меѓународниот пакт за граѓански и политички права;
4. Конвенција на ООН за правата на детето во образованието;
5. Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права.

# ИЗВОД НА ОДРЕДБИ НА ТЕКСТОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

**Задолжителност и периоди на основното образование**

**Член 8**

(1) Основното образование е задолжително, трае девет години и се организира во три воспитно-образовни периоди и тоа од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение и од седмо до деветто одделение.

(2) Родителот, односно старателот на ученикот е должен да му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание.

**Забрана на партиско и верско организирање и дејствување во основно училиште**

**Член 9**

Во основното училиште се забранува партиско и верско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски и верски обележја.

**Наставен план и наставни програми**

**Член 30**

(1) Министерот, на предлог на Бирото, ја утврдува Концепцијата за основно образование и воспитание, врз основа на која се донесуваат наставниот план и наставните програми за основно образование (во натамошниот текст: наставен план и програми).

(2) Министерот, на предлог на Бирото, ги утврдува националните стандарди за учениците во основното образование, базирани на компетенции кои учениците треба да ги стекнат и усвојат на крајот на основното образование. Националните стандарди за учениците во основното образование го определуваат првото ниво на Националната рамка на квалификации.

(3) Во основното училиште воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми од ставот (1) на овој член, кои на предлог на Бирото, ги утврдува министерот.

(4) Наставниот план за основното образование содржи задолжителни и изборни предмети и часови за одделенската заедница, определени со годишниот и неделниот број на часови за наставата одделно по задолжителните и изборните предмети, нивната распределба по одделенија.

(5) Со наставниот план се определува и дополнителна и додатна настава, вонннаставни активности и јазикот на кој се изведува наставата.

(6) Со наставните програми се определуваат резултатите од учењето, основните поими, активностите и методите во наставата, стандардите за оценување на постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.

(7) Наставата за учениците со попреченост во основните училишта се реализира според Индивидуален образовен план на наставните програми од ставот (6) на овој член или модифицирана наставна програма.

(8) Индивидуален образовен план вклучува адаптации во резултатите од учењето на наставната програма, воведување специфични активности и методи што овозможуваат постигнување на резултатите од учењето.

(9) Модифицираната наставна програма, наменета за учениците со комплексни потреби, се подготвува за секој воспитно-образовен период на основното образование и со неа се определуваат резултатите од учење базирани на компетенциите со кои треба да стекнат и развијат самостојност, личен развој и социјални односи.

(10) За одделни категории на ученици со попреченост се развиваат програми за стекнување специфични вештини, како: мобилност и ориентација во простор, изучување на Брајова азбука, развој на говорот, употреба на асистивна технологија за комуникација и друго.

**Здравствена и социјална заштита на учениците**

**Член 48**

(1) Училиштето соработува со здравствени установи заради спроведување на

здравствена заштита на учениците, посебно во вршењето на лекарски прегледи на

децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинации согласно со закон.

(2) Училиштето задолжително го информира родителот односно старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинациите.

(3) Училиштето во соработка со надлежни установи се грижи за социјалната заштита, посебно на ученици од ранливи општествени групи.

(4) Училиштето се грижи за сексуалното и репродуктивното здравје на учениците преку обезбедување информации базирани на научни сознанија, човекови права, родова еднаквост и промовирање на почитување на различностите.

**Совет на родители**

**Член 127**

(1) За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од

родителите, односно старателите на учениците се формира совет на родители на

училиштето.

(2) Во советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка којшто го

избираат родителите односно старателите, на родителскиот состанок на паралелката.

(3) Првото свикување на советот на родители го врши директорот на училиштето.

(4) Советот на родители:

- дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа,

- расправа за извештајот за работата на училиштето,

- дава мислење и предлага мерки за подобрување на наставата и вонанаставните активности,

- разгледува жалби на родителите односно старателите во врска со воспитно-

образовната работа,

- учествува во самоевалуација на работата и постигањата на училиштето,

- иницира и спроведува активности за подобрување на квалитетот на училиштето,

- учествува во оценувањето на исполнетоста на стандардите за наставниците и стручните соработници за напредување во звањата ментор и советник,

- избира претставници во училишниот одбор на основното училиште и

- врши други работи утврдени со статутот на училиштето.

## XV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 168

(1) Глоба во износ од 50 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на основното училиште, ако:

- името на основното училиште е напишано спротивно на членот 21 од овој закон,
- не истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет и не го објави на огласна табла и на својата интернет страница (член 33 став (1) од овој закон),
- не го организира прифаќањето и заштитата, како и продолжен престој на учениците (член 40 ставови (2) и (3) од овој закон),
- се внесени погрешно податоци во интегрираната база на податоци (член 95 од овој закон) и
- не склучи соодветно осигурување за одговорност од предизвикана штета (член 161 од овој закон).

(2) Глоба во износ од 15 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на наставникот за прекршокот од ставот (1) алинеја 2 на овој член.

(3) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на претседателот на Советот на родители доколку Советот на родители не спроведе анкета согласно член 127 став (5) алинеја 3 и/или не постапи согласно член 127 став (5) алинеја 6.

(4) Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на родител доколку не одговори на анкета која се спроведува согласно член 127 став (5) алинеја 3

(53) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на родителот, односно старателот ако ученикот не е запишен во рокот утврден во членот 60 став (4) од овој закон.

(64) Глоба во износ од 200 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на родителот, односно старателот ако не му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание (член 8а став (2) од овој закон).